# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВТОРИОТ ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД
# ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013

Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, на 30.09.2010 објави втор јавен повик за доставување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013. Со него беа понудени средства за кофинансирање во вкупен износ од 40 мил. ЕУР во денарска противвредност, од кои 75% средства се обезбедени од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) и 25% средства се од Буџетот на Република Македонија. Понудените финансиски средства го опфаќаат финансискиот период заклучно со 2010 година.

Во рамките на овој јавен повик, за кој рокот за поднесување барања заврши на 29.11.2010 година, добиени се 112 барања за користење на средства по трите објавени мерки:

- Мерка 101 – Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктурирање и надградба со цел достигнување на стандардите на Европската Унија,
- Мерка 103 – Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи со цел нивно преструктурирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- Мерка 302 – Диверзификација и развој на рурални економски активности.

Агенцијата за финасиска подршка на земјоделството и руралниот развој го изразува своето задоволство од големиот број на примени барања за искористување на средства од ИПАРД европските фондови и со овој јавен повик, што претставува јасен сигнал за заинтересираноста на македонските земјоделци и економски субјекти од руралниот сектор за искористување на понудените фондови и нивна економична примена.

Во однос на реализација на ИПАРД Програмата после првиот јавен повик, од склучените 27 договори за кофинансирање, пет инвестиции веќе се реализирани и за истите се во тек контолите на терен по што во текот на Јануари 2011 ќе бидат исплатени првите средства од претпристапната помош за петтата компоненета.